**Минуваме на точка 31 - Предлог на закон за заштита од вознемирување на работно место - прво читање.**

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за труд и социјална политика како матично работно тело, Законодавно правната комисија и Комисијата за европски прашања ви се доставени.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општата расправа по Предлогот на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

Бидејќи нема пријавено за збор, констатирам дека општата расправа по Предлогот на законот е завршена.

Врз основа на извештаите на Комисијата за труд и социјална политика како матично работно тело и Законодавно правната комисија и расправата на седницата на Собранието, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Предлогот на закон за заштита од вознемирување на работно место е прифатлив и може да се даде на натамошно односно на второ читање.

2. Овој заклучок заедно со стенографските белешки од седницата на Собранието да се достави до Комисијата за труд и социјална политика и Законодавно правната комисија на Собранието на Република Македонија.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 69 пратеници, од нив за предложениот заклучок гласаа сите 69, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.